турски документи објавени во неколку збирки од овој пеирод, Матковски со оваа своја статија ги продлабочува нашите досегашни доста скромни познанија со нови податоци. Да се надеваме дека Матковски ќе направи чекор напред и ќе ги насочи своите истражувања за да направи макар и приближна споредба на црковните давачки спрема давачките на христијанското население кон турската држава и по тој начин уште порелјефно да го определи местото на црковните давачки во општиот збир на другите давачки на нашиот народ.

Љ. Л.

**ГЛАСНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА,** Скопје 1972, XVI, бр. I, стр. 318; бр. 2, стр. 322; бр. 3, стр. 327

Неодамна во издание на Институтот за национална историја во Скопје излегоа од печат трите броја на списанието „Гласник". Веќе стана долгогодишна традиција Институтот за национална историја во Скопје навреме да се појавува три пати годишно со своето реномирано списание „Гласник" кое ги црпи своите историски написи од реномирани научни работници главно занимавајќи се со историјата на македонскиот народ.

Првиот број на списанието обилува со богата и најразновидна содржина од македонската историографија.

Најпрво е поместена статијата на Хенрих Батовски „Историја на политичките граници и територијалниот облик на Социјалистичка Република Македонија" (с. 7—22). Навистина статијата е напишана уште 1947 година, но таа, иако во скратена форма, ни до денеска не ја намалила својата важност и интерес за читателот, особено за оние научни работници кои се занимаваат со македонската историја. Авторот македонската државна граница ја обработува најпрво надвор од територијата на СФРЈ, во соседна Албанија, Бугарија и Грција, а потоа македонската државна граница во рамките на СФРЈ, т.е. во сегашна Вардарска Македонија која денеска има 25 713 км$^2$.

Предмет на обработка во статијата „Развојниот пат на СКОЈ во периодот на НОБ и Народната револуција во Македонија 1941—1945 година" (с. 23—38) од Владо Ивановски е организациониот развиток на младинската организација СКОЈ во Македонија во периодот на 1941 до 1945 година.

Следната статија е на Александар Апостолов „Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија" (с. 39—62). Врз основа на своето долгогодишно истражување во домашните архиви, библиотеки и други установи, а работејќи подолг временски период на соодветната проблематика, Апостолов доста аргументирано и убедливо ни изнесува некои специфични моменти од историјата на македонскиот народ во Кралството Југославија од 1918 до 1941 година, осврнувајќи се првенствено на неколку поважни

моменти: последиците за македонскиот народ од Првата светска војна, колонизацијата во Македонија, производството на индустриските стоки во Македонија и нивните цени, комитските акции и противакциите од страна на државните власти и друго.

Живко Аврамовски во статијата „Некои аспекти на македонското прашање во односите на Југославија со Грција и Бугарија од 1918 до 1925 година" (с. 63—96) има намера да прикаже како нерешеното македонско прашање се одразувало во најважните политички комбинации од страна на соседните балкански буржоаски монархии, како одделните Големи сили го експлоатираат ова прашање за постигнување на свои политички цели на Балканот.

Александар Стојановски во прилогот „Уште нешто за родот Охризаде и за старите градби на „Имарет" во Охрид" (с. 97—110) заклучува дека Синан Челеби или Јусуф Челеби од родот Охризаде од Охрид бил градител на џамијата која Евлија Челебија ја нарекува Охризаде и Царева џамија, во народното предание позната како Синан Челебиина и Фатихова (т.е. Султан Мехмедова), а кај народот, најчесто позната како — Имарет Џамија.

Во прилогот „Македонија" и „Македонците" во средниот век" (с. 111—124) Стјепан Антољак доста аргументирано ја дава етногенезата на македонскиот народ во средниот век.

Во својот прилог „Во која област на Македонија бил кнез словенскиот просветител Методија" (с. 125—134) Бранко Панов смета и образложува дека тоа е Струмичко-брегалничката област.

Во постојаната рубрика „Материјали" најпрво е поместен написот на Ташко Белчев „Печатот и најактуелните проблеми во него за време на окупацијата (1941—1945) и по неа во Егејска Македонија" (с. 135—164). Во него авторот го дава накратко историјатот и проблематиката со која се занимаваше печатот во Егејска Македонија за време на окупацијата од 1941 до 1945 година.

Потоа следува написот на Кузман Георгиевски „Документи за загинатите Скопјани во бомбардирањето на Скопје во 1943 и 1944 година" (с. 165—169) каде авторот, врз основа на приложената архивска документација, регистрира бројка од 3 381 жители на Скопје загинати како жртви на фашистичкиот терор.

Манол Пандевски во својот напис „Програмата и Декларацијата на левицата на ВМРО од август 1908 година" (с. 171—185) ја презентира Проект-програмата на Македонско-одринската револуционерна организација, Декларацијата и една Окружница од Солунскиот окружен комитет, сите документи од август 1908 година, изработени од левото крило на ВМРО — Серската, Струмичката и Солунската окружна организација. За одбележување е дека подоцна овие документи легнале во основа на Програмата на Народната федеративна партија.

Во написот „Писма на учесниците во Македонското-национално револуционерно движење" (с. 187—207) Љубен Лапе презентира 23 писма и 1 телеграма на неколку познати личности од Македонското револуционерно движење од кои само 14 се на Никола Малешевски од Берово, началник на

пунктот на ТМОРО во Дупница и најдоверливо лице на Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Оригиналите на писмата се наоѓаат во архивското одделение на Државната библиотека во Софија, а се однесуваат на временскиот период од 1895 до 1902 година.

Во написот „Извештаи на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година" (с. 209—244) Александар Матковски и Поликсена Ангелакова објавуваат седум извештаи на француските конзули од Солун за периодот од 1877 до 1883 година од кои најважни се оние на Аугусте Дизон, голем француски ерудит и познавач на балканските работи од II половина на XIX век.

Александар Матковски и Поликсена Ангелакова се автори и на написот „Неколку кратки патописи за Македоинја" (с. 245—270) каде презентираат десет навистина кратки, но многу значајни патописи од различни периоди од македонската историја.

* *
*

Вториот број на списанието за 1972 година е посветено на големиот јубилеј 100-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев.

Во рубриката „Статии и прикази" најпрво е поместена статијата на Никола Минчев „Гоце Делчев" (с. 11—22). Во неа авторот накратко се осврнува врз животот и делото на големиот македонски син и апостол и го определува неговото значење и неговото место во македонската историографија.

Местото што Гоце Делчев го зазема во Македонското национално-ослободително движење и времето во кое живееше и дејствуваше е предмет на обработка во статијата на Манол Пандевски „За Гоце Делчев и неговото време" (с. 23—34).

Во прилогот „Еден досега необјавен воспоменателен весник за Гоце Делчев од 1938 година" (с. 35—50) Михајло Георгиевски го приложува необјавениот весник посветен по повод 35 годишнината од смртта на Гоце Делчев под наслов „Гоце, смесен воспоменателен лист".

Во прилогот „Пере Тошев" (с. 51—54), посветен по повод 60-годишнината од смртта на големиот македонски син и идеолог, Љубен Лапе накратко се осврнува врз животот и дејноста на истакнатиот македонски деец и долгогодишен член на Централниот комитет на Тајната македоно-одринска револуционерна организација.

Манол Пандевски во прилогот „Јане Сандански во Македонското ослободително движење" (с. 55—79) уште еднаш се осврнува на животот и дејноста на големиот „Пирински цар" по повод 100-годишнината од неговото раѓање.

Како беше третирано националното прашање во Југославија во 1923 година на еден состанок на Независната работничка партија на Југославија е предмет на изнесувањето во прилогот на Душан Лукач „Прилог кон дискусијата во НРПЈ за националното прашање во 1923 година" (с. 81—109.

Александар Матковски во прилогот „Односите помеѓу Охридската архиепископија и Османската држава" (с. 111—145) се осврнува на некои поважни моменти од нашата црковна историја од идењето на Турците на Балкан-

скиот Полуостров до укинувањето на Охридската архиепископија 1767 година.

Од областа на нашата средновековна историја во ерата на Турската инвазија на Балканскиот Полуостров е прилогот на Александар Стојановски „Во кој правез низ Македонија минува Муратовиот поход на Косово (1389)?“ (с. 147—158).

Во рубриката „Материјали“ најпрво Орде Ивановски во написот „Едно директивно писмо на Гоце Делчев од 1901 година“ (с. 159—164) презентира едно многу значајно писмо од Гоце Делчев, извор од прва рака, со кое апостолот на македонското ослободително дело неодложно бара преземање мерки за да се оневозможи навлегувањето на врховистичките чети во Македоинја.

Миле Михајлов во написот „За бројот на учесниците на Јануарското советување на ЦК КПЈ за Македонија од 1942 година“ (с. 165—170), врз основа на најнови проучувања, го утврдува точниот број на учесниците на Јануарското советување и го одредува неговото историско значење.

Во својот напис „Еден дел од сочуваниот материјал на окупираната Вардарска Македонија од 1941 до 1944 година“ (с. 171—185) Нове Велјановски се осврнува на зачуваните архивски материјали во Вардарска Македонија — окупирана од фашистичка Бугарија и Италија.

Крсте Битоски во написот „Еден интересен документ за положбата на македонското село во предилинденскиот период“ (с. 187—200) ја приложува „Монографијата“ на францускиот вицеконзул во Скопје, од 6 април 1903 година, која дава слика за положбата на македонското село и селанството непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание.

Александар Матковски и Поликсена Ангелакова во написот „Извештаи на француските конзули од Солун за економската положба на Македонија од 1883 до 1885 година“ (с. 201—242) ја продолжуваат серијата на објавување на извештаи на француските конзули од Солун. Овој пат тоа е опширниот и доста богат извештај на францускиот конзул во Солун Де Саинте Марие, во горespоменатиот временски период од 1883 до 1885 година.

Во овој број на списанието поместени се и мемоарите на Митко Илиев „Патот до третата учителска група“ (с. 243—273), потоа следи библиографијата на Јелица Андоновска „Прилог кон библиографијата за историјата на македонските градови“ (с. 275—282) и на крајот на списанието е поместено критичкото осврнување на Стјепан Антољак „Една промашена и неуспешна критика“ (с. 283—290).

* * *

И третиот број на списанието е јубиларен број, овој пат посветен на 80-годишнината од раѓањето на претседателот на СФРЈ — Јосип Броз Тито, врховен командант на вооружените снаги на СФРЈ и претседател на СКЈ. По тој повод списанието оформи и посебна рубрика „Тито и револуцијата“.

Најпрво во новата рубрика — Вера Весковиќ — Вангели во својата статија „Неколку новопронајдени статии на Јосип Броз Тито

во списанието Die Welt" (с. 11—32) ги приложува статиите на Јосип Броз Тито: „За положбата на Југославија"; „Движењето против војната во Југославија"; „Борбата на жените во Југославија за рамноправност и мир"; „Офанзивата на реакцијата во Југославија против работните маси" и „Положбата во Југославија", сите публикувани во германското неделно списание „Die Welt" во периодот од 1939 до 1940 година. Во нив е дадена оценка на политичко-економската ситуација во Југославија, за односот на Комунистичката партија на Југославија и работничката класа спрема профашистичката југословенска влада, нејзиниот полициски апарат и прорежимските политички партии кои на широко се критикувани и жигосувани од другарот Тито.

Следната статија „Националното прашање во Југославија во светлоста на Народноослободителната борба" (с. 33—40) напишана е од Јосип Броз Тито уште во времето кога се водеше борбата против фашистичкиот поробувач на Југославија и се калеше братството и единството на југословенските народи. Во тие судбоносни денови Тито ги повикува југословенските народи во борба против фашистичката чизма, да застанат под „знамето на Народноослободителната борба против окупаторот, што го подигна Комунистичката партија на Југославија во 1941 година (што е — м. б.) во исто време и знаме на борбата за национална слобода и рамноправност на секој народ одделно . . .".

Во рубриката „Статии и прилози" Бошко Станковски, одбележувајќи ја 80-годишнината од раѓањето на другарот Тито и 35-годишнината од неговото доаѓање на чело на КПЈ, се осврнува накратко врз Титовата активност и дело во својата статија „За Титовото дело и мисла" (с. 41—45).

Следува статијата на Милан М. Миладиновиќ „Тито за ликот на комунистот" (с. 47—59). Авторот, следејќи го развитокот на Титовиот лик на комунист, преку неговите зборови и дела, покажува каков треба да биде комунистот како човек.

Тодор Симовски во статијата „Балканските војни и нивните реперкусии врз етничката положба на Егејска Македонија" (с. 61—75) се осврнува на големите миграциони и етнички измени што настапија во Егејска Македонија како последица на Балканските војни.

Во статијата „За етногенезата на македонскиот народ" (с. 77—90) Бранко Панов го изложува етногенетичниот процес на македонскиот народ по словенската колонизација на Балканскиот Полуостров кој се одвива најпрво во рамките на „Македонските Склавинии", потоа во периодот кога македонскиот народ се наоѓал под ропството на византиската и бугарската држава и на крајот во рамките на македонската феудална држава до 1018 година.

Предмет на обработка во прилогот „Гзавие Мармие за Македонија" (с. 91—100) на Лилјана Тодорова е францускиот академик, книжевник и патописец од XIX век Згавие Мармие и неговото дело на Македонија.

Ристо Кирјазовски во прилогот „Некои моменти од културно-просветната дејност на Македонците од југозападниот дел на Егејска

Македонија во време на НОБ (1943—1944)" (с. 101—108) се задржува врз македонските училишта и печатот во Воденско, Леринско и Костурско во периодот од 1943 до 1944 година.

Во рубриката „Материјали" — Глигор Тодоровски во написот „Јане Сандански низ документи од српски извори (1908—1910)" (с. 109—140) приложува 24 документи испратени од српските конзули во Македонија до Српското Министерство во периодот на Младотурското владеење во Македонија, а кои главно го осветлуваат ликот на Сандански и неговите блиски сомисленици.

Михајло Миновски во написот „Новооткриени документи за револуционерната дејност на Димитар Поп Георгиев — Беровски" (с. 141—156) презентира десет досега необјавени документи за револуционерната дејност на Димитар Поп Георгиев — Беровски во периодот од 1875 до 1895 година.

Во написот „Извештаи на француските конзули од Солун од 1887 до 1889 година" (с. 157—202) Александар Матковски и Поликсена Ангелакова овој пат објавуваат седум извештаи на француските конзули од Солун до Министерството за надворешни работи во Париз што се однесуваат за политичката, особено за економската историја на Македонија во периодот од 1887 до 1889 година.

Христо Андонов-Полјански во написот „Кон историјата на трговијата на Битола и Битолско во 1856 година" (с. 203—219) приложува два извештаи за трговијата и паричниот промет во Битола и Битолско во 1856 година, испратени од првиот Британски конзул во Битола J. A. Longworth.

Во написот „Еден документ од почетокот на XIX век" (с. 221—250) Крсте Битоски доставува еден документ од почетокот на XIX век од еден анонимен француски автор кој веројатно пропатувал низ Балканскиот Полуостров во споменатиот временски период.

Александар Матковски и Поликсена Ангелакова објавуваат „Два француски патеписи од XIX век" (с. 251—270) едниот од 1816, а вториот од 1876 година. Потоа следува критичкиот осврт на Александар Стојановски „Сепак нема основ за тврдењето дека Фурка била место на безмилосно пресметување со Самоиловите војници" (с. 281—284).

Во списанието богато е застапена и постојаната рубрика „Рецензии и прикази" каде се поместени повеќе рецензии и прикази, осврти на научни средби, соопштенија и друго.

На крајот на мнение сме дека излегувањето од печат на трите броја на списанието „Гласник" за 1972 година претставуваат нов придонес од областа на македонската историографија.

**А. Т.**